Врз основа на член 23 од Законот за работни односи и член 20-д од Законот за вработени во Јавен сектор, во склад со член 16 од Правилникот за формата и содржината на Јавниот оглас, начин на поднесување на пријавата за вработување, начин на спроведување на постапка за селекција и интервју и начин на бодирање и максимален број на бодови во постапка за селекција за работно место за кое е објавен јавиниот оглас бр.01-68/1 од 19.02.2015 година, член 29 од Статутот на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола , ВД Директорот на ЈППЈЛП Битола ја донесе следната :

# ОДЛУКА

***за избор на кандидати за вработување на помошни технички лица по пат на јавен оглас бр. 01/2025***

На работното место **Работник за обележување со шифра на работното место** КДР 04 01 А03 010 во Одделение за хоризонтална и вертикална сигнализација на неопределено време се избираат следните кандидати

**1.Николче Костовски**

**2.Љупчо Каранфиловски**

Именуваните ќе бидат вработени на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение односно ќе се склучи договор за вработување.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето

Со избраните кандидати работодавачот ќе склучи договор за вработување на неопределено време.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, објави јавен оглас за вработување број 01/2025 објавен на ден 07.05.2025 година во дневните весници на ,,Нова Македонија,, ,,Слободен печат,, и ,,Коха,,.

Врз основа на наводите во пријавите и доставените документи се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Управниот одбор на претпријатието во рок од 8 дена од денот на Одлуката за избор.

Битола 23.05.2025

Да се достави до:
-одделение за административно работење;
-архива
-избран кандидат;
-web страна

ЈППЈЛП Битола
ВД Директор
Зоран Михајловски